# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 231** **8 ноември 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3576. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан ...................................... | 2 |
| 3577. | **Одлука** за избор на член на државниот Совет за превенција на детско престапништво .................................. | 2 |
| 3578. | **Одлука** за отповикување членови на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ – Велес .................................. | 2 |
| 3579. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба ........... | 3 |
| 3580. | **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги ГРЕЕЕНГО 2018 ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга ....... | 5 |
| 3581. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево ......... | 5 |
| 3582. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – „Железничар“- Скопје ................................................. | 5 |
| 3583. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити ......................... | 6 |
| 3584. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните ................................................ | 6 |
| 3585. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони .......................... | 6 |
| 3586. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија ...................... | 7 |
| 3587. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје Ц.О. .................................. | 7 |
| 3588. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија .................. | 7 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3589. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. претседател и в.д. членови и именување на претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија | 8 |
| 3590. | **Решение** за утврдување престанок на мандатот на член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Велес | 8 |
| 3591. | **Листа** за дополнување на Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет | 9 |
| 3592. | **Решение** за престанок на службата на нотарот | 9 |
| 3593. | **Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Бугарија | 10 |
| 3594. | **Договор** за воспоставување меѓуопштинска соработка | 10 |
| | **Огласен дел** | 1-68 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3576.**

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/06, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА „ОДЛУЧНА ПОДДРШКА“ ВО ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА АВГАНИСТАН

1. За учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан се испраќаат 7 (седум) штабни старешини на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), во Командата за обука, советување и асистирање - Север во Мазар е Шариф, за период од 6 (шест) месеци, сметано од март 2020 до септември 2020 година.

2. Финансиските трошоци за плати и надоместоци на плати на припадниците на Армијата за време на извршувањето на мировната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана, а трошоците за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедуваат партнерските земји.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во мировната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Северна Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Северна Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-5960/1
6 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

**3577.**

Врз основа на членот 154 став (3) алинеја 1 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ број 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 ноември 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

I. За член на Државниот совет за превенција на детско престапништво се избира

- Наташа Јанковска, посебен советник на министерот за образование и наука во Министерството за министерството за образование и наука.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-5959/1
6 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3578.**

Врз основа на член 215 став 1 алинеја 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 и 120/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ДРУШТВО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС“, ДООЕЛ – ВЕЛЕС

1. Од должноста членови на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ – Велес, се отповикуваат:

- Ерол Копов и
- Милан Даниловски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-8216/2
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3579.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии му престанува користењето на движните ствари - информатичка опрема, и тоа:

| Реден број | Вид на опрема | Производител | Модел | Конфигурација | Сериски број | Количина | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MF1 | 1 | 9155 |
| 2 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LW9 | 1 | 9156 |
| 3 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MB0 | 1 | 9160 |
| 4 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472M9Z | 1 | 9164 |
| 5 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MDY | 1 | 9166 |
| 6 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MBL | 1 | 9167 |
| 7 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MBD | 1 | 9168 |
| 8 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MDP | 1 | 9248 |
| 9 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LVY | 1 | 9253 |
| 10 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LTF | 1 | 9258 |
| 11 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MCK | 1 | 9259 |
| 12 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LTH | 1 | 9262 |
| 13 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MBW | 1 | 9282 |
| 14 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MBY | 1 | 9283 |
| 15 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MC5 | 1 | 9287 |
| 16 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LLW | 1 | 9300 |
| 17 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LLJ | 1 | 9303 |
| 18 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LLB | 1 | 9305 |
| 19 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LKZ | 1 | 9318 |
| 20 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LK1 | 1 | 9339 |
| 21 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472L1S | 1 | 9423 |
| 22 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MHX | 1 | 9424 |
| 23 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MJ9 | 1 | 9425 |
| 24 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472MHY | 1 | 9446 |
| 25 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472KZM | 1 | 9457 |
| 26 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472L27 | 1 | 9462 |
| 27 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472L0D | 1 | 9464 |
| 28 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472LCG | 1 | 9465 |
| 29 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472L12 | 1 | 9467 |
| 30 | Монитор | HP | L1750 | 17" LCD | CND7472L0V | 1 | 9469 |
| 31 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC805728R | 1 | 9488 |
| 32 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572FN | 1 | 9201 |
| 33 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/1x1GB/ DVD-RW | CZC80572D2 | 1 | 9405 |
| 34 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572D3 | 1 | 9202 |
| 35 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/1x1GB | CZC8057289 | 1 | 9478 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC805728H | 1 | 9476 |
| 37 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC805728B | 1 | 9487 |
| 38 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572FS | 1 | 9181 |
| 39 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/1x1GB/ DVD-RW | CZC805728J | 1 | 9482 |
| 40 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512M | CZC80572BX | 1 | 9207 |
| 41 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572BW | 1 | 9392 |
| 42 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572F3 | 1 | 9360 |
| 43 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572CR | 1 | 9401 |
| 44 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572C4 | 1 | 9365 |
| 45 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572FP | 1 | 9178 |
| 46 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572DK | 1 | 9236 |
| 47 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572C6 | 1 | 9232 |
| 48 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572D0 | 1 | 9403 |
| 49 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572DM | 1 | 9363 |
| 50 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572FL | 1 | 9189 |
| 51 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572FQ | 1 | 9191 |
| 52 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/2x512M B/DVD-RW | CZC805729T | 1 | 9518 |
| 53 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572BR | 1 | 9225 |
| 54 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/2GB | CZC80572D4 | 1 | 9378 |
| 55 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/1x1GB | CZC8057292 | 1 | 9474 |
| 56 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC805729X | 1 | 9409 |
| 57 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC805728Y | 1 | 9481 |
| 58 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572B8 | 1 | 9492 |
| 59 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572CL | 1 | 9361 |
| 60 | Персонален компјутер | HP | dc5700 SFF | E2160/80GB/512MB | CZC80572D8 | 1 | 9373 |

Член 2

Движните ствари од членот 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Општина Гази Баба, за потребите на Општинското основно училиште „Вера Јоциќ“ - Скопје.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со градоначалникот на Општина Гази Баба, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7778/1
5 ноември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

**3580.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРАНСПОРТ И УСЛУГИ ГРЕЕЕНГО 2018 ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ С.ДРАСЛАЈЦА-СТРУГА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги ГРЕЕЕНГО 2018 ДОО увоз-извоз с.Драслајца-Струга со бр.19-832/4 од 16.10.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8130/1
5 ноември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**3581.**

Врз основа на членот 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БОЛНИЦА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ХРОНИЧНИ РЕСПИРАТОРНИ НЕСПЕЦИФИЧНИ И АЛЕРГИСКИ ЗАБОЛУВАЊА - ОТЕШЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат, без надомест, 30.000 литри Екстра лесно масло за горење ЕЛ-1, потребно за обезбедување на греење на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за превземање на отстапените нафтени деривати од член 1 од оваа одлука, паѓаат на товар на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8184/1
5 ноември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**3582.**

Врз основа на член 102 став 1 точка 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – „ЖЕЛЕЗНИЧАР“-СКОПЈЕ**

1. Бурхан Чајани се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – „Железничар“-Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-7090/2
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3583.**

Врз основа на член 12 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

1. Ивана Станковиќ се именува за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-7548/3
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**3584.**

Врз основа на член 38 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2008, 17/2011 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

1. Кристина Анѓелеска се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните.

2. За член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните се именува Гала Николиќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-7550/2
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3585.**

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012, 41/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015, 30/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Виктор Митевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, се именува Олимпија Христова Заевска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-8092/2
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3586.**

Врз основа на член 5 од Законот за централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/2011, 43/2014, 199/2014, 97/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Александар Трајковски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, се именува Панче Филиповски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-8702/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3587.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА – СКОПЈЕ Ц.О.**

1. Од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје Ц.О, се разрешува Гоце Нацев.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје Ц.О, се именува Игор Јованчев.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-8703/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3588.**

Врз основа на член 89 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/2019) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Андријана Мулачка се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, се именува Благица Ристова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија."

Бр. 24-8704/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3589.**

Врз основа на член 50 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ И В.Д. ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста вршител на должност претседател и вршители на должност членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, се разрешуваат:

а) од в.д.претседател:
- Севдие Исмаили

б) од в.д. членови:
- Катерина Петрова Ацковска,
- Маријана Ивановски и
- Анита Стојческа.

2. За претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, се именуваат:

а) за претседател:
- Азис Ибраими

б) за членови:
- Наташа Мојсовски,
- Андриана Липтова,
- Јулијана Андонова,
- Горан Цветковиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 24-8705/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3590.**

Врз основа на член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - ВЕЛЕС**

1. На Биљана Босилкова и се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Велес, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија."

Бр. 24-8163/2
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**3591.**

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ " бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за Врз основа Врз основа на член 13 став 1 од Законот за промет на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр.30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

**Л И С Т А**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ**

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19 и 120/19), во делот I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ во точката 62 точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додаваат три нови точки 63, 64 и 65, кои гласат:

„63. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (A), со дијаметар Ø25мм, за контурно минирање, пакување во пластични ПВЦ цевки (со надворешен пречник на цевката од Ø25мм и внатрешен пречник Ø22мм), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција;

64. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (B), со дијаметар Ø25мм, за контурно минирање, пакување во пластични ПВЦ цевки (со надворешен пречник на цевката од Ø25мм и внатрешен пречник Ø22мм), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција;

65. Стопански емулзивен експлозив EXPLOGEL 200 тип (CB) со дијаметар на патронот од Ø25мм, пакувани во полиетиленски филм (најлон), производство на компанијата ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol од Гревена, Република Грција.“.

Во дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ по точката 30 се додаваат четири нови точки 31, 32, 33 и 34, кои гласат:

„31. Неелектрични детонатори (non-electric detonator), тип БИХНЕЛ МС (BIHNEL MS), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

32. Неелектрични детонатори (non-electric detonator), тип БИХНЕЛ ЛП (BIHNEL LP), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

33. Неелектричен иницијален систем (non-electric initiating system), тип БИХНЕЛ ДУАЛ (BIHNEL DUAL), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина;

34. Површински конектори (surface connector), тип БИХНЕЛ СЛ (BIHNEL SL), производство на компанијата ПОБЈЕДА – РУДЕТ д.д. (POBJEDA – RUDET d.d.) од Горажде, Босна и Херцеговина.“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-84503/1 | Министер |
| 25 октомври 2019 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**3592.**

Врз основа на член 18 став (1) точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Министерството за правда го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ**

1. На нотарот Тана Топалоска, со службено седиште за подрачјето на Основниот суд во Охрид и престанува службата на нотар поради наврршени 64 години возраст.

2. Решението влегува во сила на ден 28.11.2019 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на министерот за правда бр. 04-4417/24 од 17.11.1998 година, врз основа на Третиот конкурс за именување на нотари, лицето Тана Топалоска е именувана за нотар на подрачјето на Основниот суд во Охрид. Нотарот Тана Топалоска од Охрид родена на ден 28.11.1955 година, на ден 28.11.2019 година наврршува 64 години возраст, поради што ги исполнува условите за престанок на службата на нотарот.

Согласно наведеното, а врз основа на член 18 став (1) точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Министерството за правда одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 09-4533/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**3593.**

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Бугарија („Службен весник на Република Македонија” бр. 181/18, 196/18, 211/18, 235/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 83/19).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 02-3454/1
31 октомври 2019 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**3594.**

**Д О Г О В О Р**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Склучен во Охрид на ден: 9.10.2019 година

СТРАНИ НА ДОГОВОРОТ:

1. Општина Охрид застапувана од Градоначалникот д-р Константин Георгиески,

2. Општина Дебрца застапувана од Градоначалникот Зоран Ногачески.

Член 1

Предмет на овој Договор е меѓуопштинска соработка односно вршење на определени административни работи од страна на општина Охрид за потребите на општина Дебрца и тоа во областа на внатрешната ревизија и инспекцискиот надзор (општински комунален инспектор, овластен градежен инспектор, овластен урбанистички инспектор, овластен инспектор за животна средина, овластен инспектор за патен собраќај на општината и овластен инспектор за утврдување и наплата на даноците на имот).

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи од член 1 на овој договор да ги извршува општина Охрид во име и за сметка на општина Дебрца.

Член 3

За извршување на работите и работните задачи за општина Дебрца што се предмет на овој Договор, ќе се користат објекти и опрема од двете договорни страни.

Член 4

Услугите наведни во член 1 на овој Договор, ќе се извршуваат согласно законските прописи, професионално , ефикасно и уредно, но во зависност од можностите и капацитетите на општина Охрид.

Член 5

Сите трошоци кои ќе произлезат од давањето на услугите паѓаат на товар на општина Дебрца.

Член 6

Договорните страни се согласни надоместокот за извршените услуги да изнесува 2.000 денари месечно кои општина Дебрца како корисник на услугите ќе ги исплаќа на сметка на општина Охрид како давател на услугите.

Член 7

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор за прашањата кои не се предвидени со овој Договор, а може дополнително да произлезат од тековното работење, ќе се уредат со Анекс на овој Договор.

Член 8

Овој Договор може да се раскине по слободна волја на една од договорните страни, по претходно известување на другата договорна страна во рок од 30 дена.

Член 9

За евентуално непочитување на одредбите од овој Договор, договорните страни се согласија да ги решаваат спогодбено со меѓусебно договарање во духот на добрите деловни обичаи.

Во спротивно, за споровите што ќе произлезат од непочитување на одредбите од овој Договор, надлежен е Основниот суд во Охрид.

Член 10

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци по три за секоја договорна страна.

Член 11

Овој Договор влегува во сила по потпишувањето од двете договорни страни.

| Општина Дебарца | Општина Охрид |
|---|---|
| Градоначалник, | Градоначалник, |
| **Зоран Ногачески**, с.р | м-р **Константин Георгиевски**, с.р. |
| Бр. 09-2162/1 | Бр. 09-14180/1 |
| 17 октомври 2019 година | 10 октомври 2019 година |
| Белчишта | Охрид |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622

2019231

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.